# ПЕРЦЕПЦИИ ЗА БРАКОТ И РАЗВОДОТ НА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Ирена Авировиќ-Бундалевска

Македонка Радуловиќ

Ангелка Кескинова

Скопје, 2023

**ПЕРЦЕПЦИИ ЗА БРАКОТ И РАЗВОДОТ НА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Ирена Авировиќ Бундалевска
Македонка Радуловиќ
Ангелка Кескинова

**Издавач**
Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ − Скопје

**Уредник**
проф. д-р Ратко Дуев

**Рецензенти**
проф. д-р Татјана Стојановска Иванова
проф. д-р Софија Георгиевска

**Лектор**
Дијана Ристова

**Компјутерска обработка и печатење**
Европа 92, Кочани

**Тираж**
340

---

CIP-Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
316.812:316.65-053.6(497.7)(049.5)
347.62:316.65-053.6(497.7)(049.5)
347.627.2:316.65-053.6(497.7)(049.5)
АВИРОВИЌ Бундалевска, Ирена
Перцепции за бракот и разводот на младите во Република Северна Македонија / Ирена Авировиќ Бундалевска, Македонка Радуловиќ, Ангелка Кескинова. - Скопје : Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 2023 (Кочани : Европа 92). - 66 стр. ; 24 см
Библиографија: стр. 61-65
ISBN 978-608-238-230-2
1. Радуловиќ, Македонка [автор] 2. Кескинова, Ангелка [автор]
а) Семејство -- Ставови -- Млади -- Македонија -- Истражувања б) Брак -- Ставови -- Млади -- Македонија -- Истражувања в) Развод на брак -- Ставови -- Млади -- Истражувања г) Развод на брак -- Ставови -- Млади -- Македонија – Истражувања
COBISS.MK-ID 59854085

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 5

I АНАЛИЗА НА ДЕСКРИПТОРИТЕ ........ 9
Брак ........ 9
Вонбрачна заедница ........ 13
Развод ........ 15
Наталитет ........ 21
Фертилитет и семејно планирање ........ 22

II АКТУЕЛНА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
(АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ) ........ 25
Брак ........ 25
Развод ........ 26
Наталитет ........ 26
Фертилитет ........ 28

III МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 29
Инструмент на истражување ........ 29
Опис на примерокот ........ 30
Статистичка обработка на податоците: ........ 33

IV АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ........ 34
4.1 Перцепцијата на младите во однос на своето семејство/семејството на потекло ........ 34
4.2 Интимниот живот на младите лица ........ 36
4.3 Перцепција на младите во однос на бракот ........ 39
4.4 Перцепција на младите во однос на разводот ........ 46
4.5 Ставовите на младите лица во однос на вонбрачната заедница ........ 48
4.6 Ставовите на младите лица во однос на родителството ........ 51

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ........ 55
БИБЛИОГРАФИЈА ........ 61

проф. д-р Ирена Авировиќ-Бундалевска
проф. д-р Македонка Радуловиќ
доц. д-р Ангелка Кескинова

# ПЕРЦЕПЦИИ ЗА БРАКОТ И РАЗВОДОТ НА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД

Во последниве неколку децении семејството е изложено на голем број влијанија кои произлегуваат како последица на процесите на индустријализација, урбанизација и на современиот начин на живот. Овие влијанија можат да се групираат во повеќе насоки и тоа како: плурализам и демократија на изборите, секуларизација и намалена религиозност, глобализација и надворешни влијанија, јакнење на феминизмот, консумеризам, морален вакуум и намалување на значењето на традицијата, влијание на социјалните медиуми и јакнење на мас-културата итн. Неизбежно е во вакви услови, семејството како заедница да претрпи значителни трансформации во однос на структурата, модели, улоги и функции на семејството кои генерално се оценуваат како негативни. Во литературата сè почесто е присутна дилемата „дали семејството се наоѓа во криза?“

Патријархалниот тип на семејството се трансформира и губи, особено во развиените и во урбаните средини. Сè потешко може да се дефинира современото семејство. Очигледно е дека се потребни повеќе дефиниции на „семејства“, кои го надминуваат сфаќањето за семејството како нуклеусна заедница на брачни партнери и нивните деца. Во прилог на оваа дилема, може да се наведат редица статистички показатели за намалениот број бракови, зголемениот број разводи, намален наталитет, низок фертилитет, зголемен број на деца родени надвор од бракот итн.

Репродукцијата како една од карактеристиките на традиционалниот брак денес не го дефинира бракот како во минатото, со оглед на тоа

дека многу брачни двојки се одлучуваат да немаат деца, да имаат деца надвор од брачната заедница или да добијат дете по пат на медицинско оплодување, сурогат мајчинство или посвојување.

Бракот во минатото генерално се склучувал и од економски причини (за преживување, задржување или унапредување на статусот на индивидуата и семејството во заедницата и општеството) или пак од политички причини (склучување сојузи со други семејства, одржување мир, освојување територии итн.). Жените биле невработени и во бракот наоѓале економска сигурност и стабилност. Но, денеска тоа не е случај. Сè поголем број жени се образуваат, се присутни на пазарот на трудот и заработуваат за сами да се грижат за себе. Договорените бракови се присутни само во исклучиво рурални средини. Со тоа бракот ја губи својата важност како основна заедница за продолжување на потомството и за економска сигурност. Сè повеќе се одложува стапувањето во брак, и брачните партнери подоцна склучуваат брак. Во пораст е бројот на вонбрачните заедници во светот и вонбрачните деца се општествено прифатени за разлика од минатото. Впрочем, во некои европски земји се доминантни во статистиката на родени.

Бројот на разводи сè повеќе се зголемува. Кон крајот на 20-тиот век сите европски земји го либерализираа разводот, кој инаку е речиси секаде прифатен во светот. Денес, се проценува дека повеќе од склучените бракови ќе завршат со развод. Се скратуваат и олеснуваат законските процедури за разведување на бракот. На разводот не се гледа со предрасуди и општествено е прифатено да бидете разведени, многу повеќе од минатото. По независноста во 1991-ва година, Република Северна Македонија го регулираше разводот со Законот за семејство од 1992-ра година, иако уште од 1973-тата година истиот беше овозможен преку Законот за брак. Оттогаш тенденциите на зголемување на стапките за развод се видливи во нашата земја иако се движат со бавно темпо.

Се забележува значително опаѓање на фертилитетот и на наталитетот во сите европски земји и овој тренд е присутен и во нашата земја која оваа година достигна најниска фертилност од 1,31 % по жена. Статистичките показатели укажуваат дека наталитетот започнал да опаѓа

значително во светски рамки во втората половина на 20-тиот век и тоа најмногу во индустријализираните земји. Оттогаш континуирано се намалуваат раѓањата. Сè поголем број двојки одлучуваат да немаат деца или пак го одложуваат раѓањето за подоцнежните години, со што се намалува можноста да се има повеќе деца.

Ваквата состојба може да се препише на повеќе социоекономски фактори: еманципација на жените, одложување на бракот, изразен индивидуализам, генерално повисоки цени на живеалиштата, потешко одржување на балансот помеѓу работата и семејниот живот, недостаток на флексибилни работни места со скратено работно време, а во одредени држави паровите се соочуваат и со неповолни услови околу грижата на децата, како што се градинките или породилното отсуство.

Од друга страна, пак, се случуваат промени на вредносниот систем, поимањето на семејството, се јакне индивидуалноста за сметка на колективниот модел на среќа. Материјалните вредности се поизразени за сметка на духовните и трката по финансиски и материјални средства, моќ и статус во општеството е поважна од кога било. Семејството го губи приматот на вредносен стожер и учител за моралните вредности. Вредностите не се ни предмет на изучување во образовниот систем и морален вакуум е присутен во општеството. Семејствата имаат сè помалку време коешто го поминуваат заедно во заеднички активности и наликуваат на збир на индивидуалитети на кои им е тешко да постигнат колективна среќа. Се поставува прашањето, дали семејството го губи своето најголемо значење на сигурносен столб и најтопло прибежиште?!

Семејството е природна и менлива категорија и очекувано е да се менува. Под влијанието на глобализацијата, современиот и динамичен начин на живот се очекува тие промени да бидат поинтензивни. Младите луѓе кои во иднина треба да стапат во брак и да формираат семејство се предвесници на промените. Затоа, потребно е да се испитаат нивните перцепции и ставови за семејството, бракот, родителството и врските. На тој начин ќе добиеме појасна слика за претстоечките трендови во однос на семејниот живот, што е значајно за креирањето на нови демографски политики и политики за поддршка на семејството.

Младата популација има широк спектар на верувања, желби и ставови за вреднувањето на институцијата брак, квалификувањето на односите во бракот и за сопствената позиција во евентуалната брачна заедница, посакуваниот број деца, родителството и улогите во семејството. Дел од ваквите перцепции се инспирирани од содржините кои се презентираат во медиумите и на социјалните мрежи, а дел се пресликани од традицијата и од искуството во поширокото семејство. Потребно е да се истражи какви се тие верувања и ставови, дали се втемелени на основа на досегашните разбирања за семејните обрасци и дали постои еволуција на перцепциите кај неколку генерации млади луѓе.

Оттаму, ова истражување подразбира компаративна анализа на перцепциите на студентите од Република Северна Македонија за семејство во 2014-та година и перцепциите на студентите во 2022-ра година. Главните истражувачки прашања се однесуваат на моменталните семејни обрасци; желбата за стапување во брак, подготвеноста за компромис и разбирање на брачниот живот; посакуваниот број деца и разбирањето на родителството; прифаќањето на разводот, вонбрачната заедница и истополовите заедници.

Конечно, главните истражувачки цели се да се утврди какви се ставовите на младите луѓе во врска со истражувачките прашања, дали и колку кореспондираат со реалните состојби (статистички показатели) и дали постои промена во ставовите на генерациите студенти во истражувачкиот период.

# I АНАЛИЗА НА ДЕСКРИПТОРИТЕ

## Брак

Низ историјата се сретнуваме со различни дефиниции за бракот и семејството, кои се менувале и развивале заемно со еволуцијата на општествата. Поради својата разноликост и нестатичност, велиме дека не е едноставно да се дефинираат семејството и бракот, иако постојат универзални карактеристики кои опстанале во современите општества и покрај различните културни очекувања, традиции, обичаи, норми, правила и церемонии, а истите најчесто се однесуваат на родовите и на меѓугенерациските односи во рамките на една брачна или семејна заедница. Денес, кога живееме во динамично општество кое е подложно на многубројни и брзи промени, се чини уште поважно е да се разберат современите бракови и семејства кои се одлучувачки фактори во обликување на личноста, социјалните и личните навики, како и најинтимните чувства на индивидуите (Ponzetti, Vol. 1, 2003).

Бракот е институција дизајнирана да им овозможи на луѓето да воспостават стабилни примарни интимни односи кои потенцијално вклучуваат размножување и воспитување деца (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 72). Една од примарните цели на бракот низ историјата била репродукцијата, односно раѓањето деца и оставање потомци. Понатаму, бракот во минатото служел и за регулирање на сексуалните односи и наследството на едно семејство. Предбрачната сексуална апстиненција била карактеристична во многу општества во минатото особено кога станува збор за идните невести. Причините се поврзуваат најчесто со традицијата, религиозните норми и културата на народите. Денес, сексуалните односи пред бракот се генерално општо прифатени, иако постојат парови кои практикуваат предбрачен или брачен целибат и тоа најчесто поради: лични верувања за бракот, избегнување на бременост и сексуално преносливи болести или религиозни убедувања (Ponzetti, Vol. 1, 2003). Во Република Северна Македонија сексуалната предбрачна апстиненција

денес вообичаено не се практикува. Кога станува збор за оваа тема, 36 % од младите сметаат дека сексуалната апстиненција претставува застарен концепт, 29 % дека е непотребен психолошки товар за младите, додека пак 19 % сметаат дека е заемна вредност за двата пола, а 16 % ја сметаат за доблест исклучиво за девојките (Топузовска-Латковиќ М. et al., 2019, стр. 24).

Современите дефиниции за бракот варираат од држава во држава, но речиси секаде е предвиден легален документ со кој се поврзуваат сопружниците кои вообичаено се од спротивен пол. Социологот Макс Вебер (Max Weber) го дефинирал бракот како „стабилна сексуална врска" дозволена и легитимизирана од страна на поголема роднинска група, во кој се поставени закони и норми околу имотните права на децата. Мнозинството бракови во светот се моногамни (и тоа најчесто унија на маж и жена), но некои општества дозволуваат полигамни бракови: унија на мажи со повеќе жени (полигамија) или на жени со повеќе мажи (полиандрија). Согласно со последните податоци од 2022-рата година, дозволен е истополов брак во 32 држави во светот.

Во минатото брачните партнери биле помлади, односно постоела поголема возрасна граница помеѓу мажот и жената. Социјални атрибути кои влијаеле на годините на стапување во брак биле: репродуктивна зрелост и плодност на партнерите, нивната работна способност, како и односот на моќ и рамноправност. Генерално, во Западна Европа во минатото девојчињата се сметале за спремни за брак по првиот менструален циклус, додека момчињата неколку години подоцна. На пример, во 12-тиот век, минимална возраст за стапување во брак за девојчиња била 12 години, а за момчиња 14 години, додека веридбата можела да биде договорена на многу помала возраст (Абот, 2014). Денес старосната граница на стапување во прв брак е значително поместена и најчесто младите се венчаат во доцните 20-ти и раните 30-ти години, иако статистиките значително се разликуваат од држава во држава.

Заедничко за бракот во Европа до 18-тиот век била доминацијата на мажот во бракот и подредената положба на жената и децата. До промена на брачните односи и на родителството ќе дојде дури по Индус-

триската револуција и процесите на урбанизација и индивидуализација, кога економскиот индивидуализам ќе го стимулира личното задоволство и истото ќе стане поважно од почитувањето на нормите и интересите на заедницата (Мицковиќ, 2008). Веќе кон крајот на 18-тиот век личниот избор на партнерот започнал да ги заменува договорените бракови и индивидуите биле на некој начин охрабрени да се венчаат од љубов. За прв пат во 5.000 години бракот станал приватна врска помеѓу две индивидуи наспроти врска во рамките на голем систем на политички и економски сојузи. Дополнително, во 18-тиот век се сменила сликата за сопружниците. Мажот продолжил да биде главен вршител на економската функција, додека фокусот на жената се префрлил кон емотивната и моралната поддршка на членовите на семејството. Семејството станало прибежиште од работата, политиката и општествените обврски (Coontz, 2005, стр. 145 - 154).

Иако романтичната љубов претставува универзално чувство на кое се темели современиот брак, во некои делови на светот (Индија, Кина, Пакистан итн.), договорените бракови сè уште претставуваат норма. Тие се најчесто договорени од страна на родителите на двете семејства или од професионални посредници. Мотивацијата зад договорениот брак е да се утврди континуитетот и економската благосостојба или општествен раст на семејствата, како и да се обезбеди соодветен партнер за децата во однос на нивните лични вештини и капацитети, образование итн. Сепак, и во овој случај младоженецот и невестата се консултираат и имаат право да одбијат некој кандидат доколку сметаат дека е неприфатлив (Ponzetti, Vol. 3, 2003, стр. 1.095-96).

Модерниот брак од почетокот на 20-тиот век веќе се дефинира како заедница на двајца партнери која се заснова на романтична врска. Главните дебати околу модерниот брак се однесуваат на родовите односи во рамките на брачната заедница, важноста на сексуалните односи и нивната природа, степенот на индивидуалната слобода на партнерите, поделбата на домашните обврски, етнички и расно мешани бракови итн. Во современите општества, како резултат на интензивната мобилност на населението и процесите на урбанизација, глобализација, индивидуали-

зација и континуираниот технолошки развој, семејниот живот и брачните заедници се соочуваат постојано со промени и прилагодувања (Авировиќ-Бундалевска, 2021). Тие промени најчесто влијаат на наталитетот, одложувањето на раѓањето, намалениот број на бракови и зголемениот број на разводи. Вонбрачните заедници се сѐ побројни, како во светот така и во Република Северна Македонија, а според степенот на нивното општествено прифаќање денес тие претставуваат еден вид алтернатива на бракот. Пропорционално на падот на бројот на бракови, има и зголемување на стапката на разводи, кои со децении повеќе не се табу како во минатото. Конечно, можноста и опциите за контрола на раѓањето, планирање на семејството и активното присуство на жените на пазарот на трудот имаа огромно влијание врз одложувањето на бракот и раѓањето, што резултираше со тоа бракот повеќе да не е поврзан со репродукцијата. (Авировиќ-Бундалевска, 2020).

Во Северна Македонија, бројот на бракови во изминатите години е во благо опаѓање, паровите сѐ почесто го одложуваат раѓањето, а наталитет во државата е значително намален, иако бројките не се загрижувачки во компарација со податоците од земјите на Европската Унија. Покрај статистичките показатели, перцепцијата на бракот и брачниот живот во нашата држава не е воопшто негативен. Имено, според едно истражување за ставовите на младите во Северна Македонија, желбата да се има деца е висока и изедначена со онаа да се изгради успешна кариера (4,5 на аритметичка скала од 1 до 5) кога станува збор за вредности значајни за младите, а желбата да се стапи во брак исто така е посочена како значајна вредност (4,3) во однос на други вредности кои се однесуваат на пример на здрава исхрана (4,3), добар изглед (4,2), спортување (4,1) итн. (Топузовска-Латковиќ М. et al., 2019, стр. 42).

Во САД, Канада и некои европски земји се нудат програми за подготовка за брак за млади и возрасни лица. Овие програми ја зголемуваат подготвеноста на брачниот живот и ја намалуваат веројатноста за брачни конфликти и развод. Постојат различни брачни и предбрачни програми, како на пример програми за подобрување на врската, работилници за самопомош, брачна терапија, услуги за запознавање парови итн. По-

конкретно, програмите за подготовка на брак имаат повеќе цели: запознавање со концептот и превенција на семејното насилство, усвојување вештини за решавање конфликти и справување со стресот, запознавање на партнерите за важни брачни прашања, финансии, сексуална желба, родителство, пристап до ресурси (наставни програми за самопомош, социјални услуги, мрежи за заемна поддршка) и интервенција, вклучувајќи индивидуална или терапија за парови (Ponzetti, 2003, Vol. 3, стр. 1.102)

Конечно, бракот претставува посветеност и обврска на две личности на повеќе нивоа и се смета за релативно трајна и стабилна врска. Иако разводот е речиси прифатен во сите земји во светот, сепак, двојките не стапуваат во брак со помислата да се разведат, туку бракот подразбира доживотно ветување за останување заедно со партнерот. За важноста на бракот кај младите во Северна Македонија, говори податокот од едно истражување според кое 91,3 % од младите изјавиле дека во иднината се гледаат како женети односно мажени со изградено сопствено семејство (Топузовска-Латковиќ М. et al., 2019, стр. 52).

## Вонбрачна заедница

Вонбрачната заедница претставува кохабитација или заедничко живеење на невенчани хетеросексуални или хомосексуални парови кои живеат заедно и се во интимна врска. Овие заедници забележаа зголемен пораст во 70-тите години од минатиот век во САД и Западна Европа. Како причина за зголеменото прифаќање на вонбрачните заедници се сметаат појавата на индивидуалистички општества од средината на минатиот век, зголемениот број на разводи, прифаќањето на сексуалните односи пред бракот, самохраното родителство итн. Вонбрачната заедница речиси и да не се разликува од брачната, покрај официјалната свадбена церемонија и легитимација на бракот, како и одредени законски регулативи кои се разликуваат од земја во земја. Како и брачните, така и вонбрачните заедници подразбираат заедничко живеење на партнерите и нивните деца, интимни односи помеѓу партнерите, водење заедничко домаќинство и здружени економски ресурси на партнерите, поделба на

трудот во домот и моногамија, односно сексуална ексклузивност помеѓу партнерите (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 315).

Некои карактеристики по кои се разликуваат брачната и вонбрачната заедница се: помала возраст на партнерите (многу често вонбрачната ѝ претходи на брачната заедница; долготрајност на заедницата (генерално брачната заедница е сè уште подолготрајна од вонбрачната); плодност (вообичаено со доаѓањето на децата, партнерите преминуваат во брачна заедница која се перципира како постабилна унија); законски регулативи поврзани со наследството на партнерите и одлуки при болести (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 316).

Ширењето на вонбрачната заедница во земјите од Западна и Северна Европа би можело да се сумира во неколку фази:

1. Прва фаза: во 60-тите години од 20-тиот век вонбрачната заедница претставува ретка појава и поголемиот дел од паровите склучуваат брак без да живеат претходно заедно. Во овој период вонбрачната заедница не е сè уште општествено прифатена и бракот претставува норма во регулирањето на партнерските односи.

2. Втора фаза: во 70-тите години започнува ширењето на вонбрачната заедница и таа претставува повремена или експериментална фаза, односно еден вид предбрачна заедница.

3. Трета фаза: вонбрачната заедница е општествено прифатена, претставува алтернатива на бракот и се цели кон нејзино легално институционализирање. По ова прашање секоја држава има свои законски регулативи кои најчесто се однесуваат на правата на пензија и наследство по смртта на еден од партнерите, статусот на вонбрачните деца, правата на алиментација по разделба, правата на легални одлуки при тешки болести, операција и слично (Nazio, 2008, стр. 3).

Се смета дека вонбрачните заедници претставуваат речиси исклучиво урбан феномен и не се доволно прифатени во руралните средини, каде стигмата, општествениот и семејниот притисок да се стапи во брак се сè уште изразени. Според фазите на прифаќањето или ширењето на вонбрачните заедници, Северна Македонија се наоѓа во втората фаза односно период кога вонбрачната заедница всушност претставува повеќе

предбрачна заедница или увертира на бракот. Според едно квалитативно истражување од 2017-тата година на млади парови од 25 до 45 години од Северна Македонија, вонбрачната заедница е сè повеќе застапена во нашата држава, таа е општествено прифатена и особено популарна кај младите парови бидејќи од една страна истовремено ги нуди бенефитите од бракот и придобивките од животот пред брак, а од друга страна може да премине во брачна заедница во секое време. Сепак, младите од Северна Македонија ја преферираат сè уште брачната заедница и претпочитаат да планираат семејство дури откако ќе бидат во брак (Авировиќ, 2017). Според друго квалитативно истражување од Северна Македонија од 2019-та година за ставовите на различни генерации кон новите модели на семејства (вонбрачна заедница, мултиетнички семејства и хомосексуална заедница), вонбрачната заедница е прифатена од мнозинството млади (од 20 до 35 години), а возрасните (од 40 до 65 години) имаат генерално позитивен став кон неа, иако ја претпочитаат брачната заедница (Авировиќ-Бундалевска, 2020).

## Развод

Разводот на бракот треба да се сфати како процес, бидејќи тој не претставува одделен настан во животот на луѓето. Браковите кои завршуваат со развод, најчесто поминуваат низ фаза на емотивно отуѓување и разделба, чувства на беспомошност, незадоволство, горчина, лутина, конфликти и дискусии меѓу партнерите, период кој може трае и со години пред да се финализира правниот развод. На разводот може да му претходат и фази на пробни разделби, преговори за брачните односи или пак брачно советување. Многу често фазите пред и во текот на разводот влијаат негативно на децата, особено доколку има брачни несогласувања, неефективно и неконзистентно родителство, како и намалена родителска благосостојба. Често пати, во овие фази, децата се сведоци на емоционална и психолошка нестабилност на родителите, намалена родителска топлина или наклонетост, што придонесува до носење конечна одлука за развод. Токму фазите кои водат кон разводот и самата разделба

и развод се сметаат за најтешки фази од целокупниот процес на развод. Овие фази се отежнати со правни предизвици и трошоци, соопштување на намерата за развод на поширокото семејство и пријателите, редефинирање на семејните улоги и евентуална промена на живеалиштето на еден од родителите (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 475 - 479).

Причините за развод на брак се многубројни: карактерна нетрпеливост, изневерување, финансиски кризи и несогласувања, семејно насилство, здравствени причини, несогласување на партнерите околу клучните животни прашања, недостаток на љубов и сексуални односи, претерано сoживување со родителската улога итн. (Радуловиќ, 2014, стр. 12 - 18). Покрај овие причини денес се смета дека брачните партнери имаат различни и неретко нереални очекувања од самиот брак, во однос на задоволувањето на љубовта, сексуалниот нагон, динамиката на секојдневниот живот, материјалните потреби на семејството, воспитувањето и развојот на децата. Високиот степен на индивидуализам со кој се карактеризираат современите општества, како и потребата за лично исполнување и индивидуална независност, дополнително придонесуваат кон тоа партнерите да бидат насочени повеќе кон задоволување на сопствените интереси отколку кон желбата за компромис и вложување во трајна и стабилна брачна врска (Мицковиќ. 2008, стр. 248 - 249).

Без разлика кои се причините, неуспехот еден брак да опстане води неминовно кон развод на истиот. Кон крајот на 20-тиот век сите европски земји го либерализираа разводот, кој инаку е речиси секаде прифатен во светот. По независноста во 1991-ва година, Република Македонија го регулираше разводот со Законот за семејство од 1992-ра година, иако уште од 1973-тата година истиот беше овозможен преку Законот за брак. Престанок на брак односно барање за развод од страна на двајцата брачни другари бил возможен во СФР Југославија уште од 1965-та година и тоа поради растроени брачни односи, неподнослив брачен живот, прељуба на другиот партнер, малтретирање, навреди и закани по живот, ментална болест, осуда за кривично дело итн. (Основен закон за бракот, глава IV, 1965). Денес, во Северна Македонија право на развод имаат двата брачни другари, а истиот може да се реализира на три на-

чина: најчест е спогодбениот развод на брак, потоа имаме предлог за спогодбен брак од едниот партнер или пак тужба од страна на еден од брачните другари (Закон за семејство член 228, Службен весник на РМ број 153/2014 година). Во нашата држава, најчесто, децата, по разводот, продолжуваат да живеат со мајките, додека контактите со татковците, од тие причини, се намалуваат. Во САД во пет од секои шест семејства кои се разведени, децата живеат во домаќинство со мајката, односно треба да се прилагодат на живот без нивниот татко дома, поточно да го делат времето помеѓу домот на мајката и домот на таткото. Според бројни истражувања, на децата по разводот најмногу им недостасува вклученоста на таткото во нивниот живот, затоа најдобро е по разводот, доколку е возможно, партнерите да продолжат да бидат родители и да бидат активно вклучени во животот на децата за одржување на нивната благосостојба и приспособување кон новонастанатата ситуација  (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 475 - 479).

Генерално, постојат три фази во процесот на разводот: (1) почеток на развод, (2) приспособување на развод и (3) реконструкција на редот на животот. Секоја фаза е стресна како за брачните другари така и за децата (Киткањ, Фрицханд, 2017, стр. 282). Според некои автори (Amato 2000; Furstenberg and Kiernan 2001 во Ponzetti, 2003, стр. 477) можни негативни последици на разводот врз децата се манифестираат најчесто со пониски училишни или академски достигнувања, емоционална нестабилност или пак нарушено физичко здравје. Секако, постојат многу фактори кои влијаат на овие состојби, почнувајќи од возраста на децата при разводот до економската состојба на семејството, како и семејната (дис)хармонија пред и по разводот. Психолошките реакции на децата по разводот зависат најчесто од три фактори: 1) квалитетот на врската со родителите пред разводот, 2) интензитетот и траењето на конфликтите помеѓу родителите, и 3) способноста на родителите да се насочат кон потребите на детето за време на разводот (O’Connell-Corcoran, 1996 во Киткањ, Фрицханд, 2017). Негативните ефекти од разводот најчесто се најизразени во периодот непосредно по разводот и исчезнуваат по одреден период на адаптација на новонастанатата ситуација. Дополнител-

но, доколку комуникацијата на родителите по разводот е конструктивна, децата подобро ќе се адаптираат на новата семејна реалност. Од друга страна, многу деца, пак, кои живееле долг период на брачен конфликт во семејството, навеле дека имале позитивни придобивки од разводот на родителите и се приспособиле подобро на животот по разводот. Генерално, семејните односи и економската ситуација пред и по разводот најмногу влијаат на прилагодувањето на децата. Во САД, каде стапката на развод е највисока (двојно поголема од Јапонија, Германија и Франција и Шведска, седум пати поголема од Италија), односно половина од првите бракови и 60 % од вторите бракови завршуваат со развод и се очекува во иднина голем број од семејствата да се разведат, фокусот е насочен кон програми за приспособување на семејството по разводот, особено насочени кон децата на разведени родители. Овие програми имаат за цел да ги сензибилизираат родителите за тешкотиите низ кои поминуваат децата при процесот на развод, да научат како да одржат позитивен однос со децата и да не ги инволвираат во конфликтите со партнерот, да продолжат со соодветен стил на родителство и конзистентни правила на однесување и секако да им обезбедат топлина и поддршка и да ги следат и да бидат вклучени во активностите и интересите на децата (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 475 -479).

Покрај воведување на вакви стручни програми од кои децата би имале бенефит, во нашето општество потребно е да се работи и на процесот на дестигматизација на разводот, со цел децата на разведени родители да не се чувствуваат инфериорни во однос на оние од традиционални нуклеарни семејства. Во однос на ова прашање едно истражување за ставовите на младите во Северна Македонија за бракот и разводот забележува дека речиси една четвртина од младите не би се омажиле/ожениле за личност која претходно била во брак, а повеќе од една третина не би го направиле тоа со разведен партнер кој има деца од претходен брак. Слични се резултатите по ова прашање по однос на полот на партнерот, односно една четвртина од жените би се омажиле за разведен маж, дури и ако тој има деца од претходниот брак, додека само 19,8 % од мажите би се ожениле за разведена жена која има деца

од претходен брак, а 31 % од мажите би се ожениле за разведена жена која нема деца од претходен брак. Овие податоци укажуваат на тоа дека во современото македонско општество постои сѐ уште одреден степен на стигматизација на разведените личности, особено доколку тие се жени со деца (Ljakoska, 2021, стр. 208 - 209). Во земјите каде што нивото на стигматизација на разводот е високо, социјалната изолација е поекстремна, особено врз жените, а разведените лица имаат помалку социјални и економски можности. На пример, во Јапонија разведените жени доживуваат дискриминација при вработувањето, во Индија жените се изолирани по разводот, бидејќи тие се сметаат најчесто за виновни за разводот, а мажот го задржува семејното домаќинство (Ponzetti, 2003, Vol. 1).

Се разбира, покрај децата, разводот влијае и на возрасните членови на семејството. Најчести негативни последици од разводот врз возрасните се хроничен физички замор и исцрпеност, емотивна нестабилност, пад на економската благосостојба итн. Но, како и кај децата, така и кај возрасните потребно е секогаш да се анализираат индивидуите посебно, контекстот во кој настанал разводот и односите на возрасните по разводот. Во врска со намалените економски ресурси по разводот, најчесто се погодени жените од чие домаќинство всушност се одделуваат дел од ресурсите на сопругот, бидејќи разводот ги дели ресурсите кои првично биле наменети за едно домаќинство, а тоа резултира со моментален пад на животниот стандард на двата брачни другари. Оваа економска нестабилност зависи и од економската состојба пред разводот на родителите и може да трае во зависност од нормализирањето на односите на родителите, правните битки околу старателството, определувањето на висината на алиментација и нејзиното редовно исплаќање. Во врска со емоционалниот исход на разводот, студиите покажуваат дека разведените поединци покажуваат повисок степен на депресија, анксиозност и општа психолошка вознемиреност отколку оние кои се во брак. Понатаму, разведените поединци може да се соочат со социјална изолација и намалени социјални контакти, најчесто поради поделба на пријателите по разводот. Емотивниот стрес

може да доведе и до здравствени физички последици, особено во случај на злоупотреба на супстанции како дрога и алкохол. Таа состојба најчесто го достигнува врвот во периодот непосредно по разводот и подоцна започнува да опаѓа кај мнозинството разведени возрасни. И покрај овие негативни ефекти, сепак, разводот може да има и позитивно влијание врз возрасните, особено во случаи кога за време на бракот индивидуите трпеле разни конфликтни и стресни ситуации, при што разводот може да се доживее како ослободување и дури да ја зголеми самодовербата, особено кај жените (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 480 - 484).

Постојат повеќе фактори кои влијаат на прилагодувањето кон разводот, како што се возраста на партнерите, степенот на образование и нивниот социоекономски статус. Истражувањата покажуваат дека постарите индивидуи потешко се адаптираат на разводот отколку помладите во однос на повторен брак, но подобро се адаптираат од помладите во сородителството, доколку децата се повозрасни. Исто така, доколку е подобра економската состојба на партнерите пред разводот, тие ќе се соочат со помалку економски предизвици и по разводот. Психолошкото приспособување на разводот пак зависи од индивидуалната состојба на поединците, нивната емоционална стабилност и вештини за справување со кризи. Исто така, лицата кои иницирале развод се очекува полесно да се справат со овој процес за разлика од оние кои не го иницирале и може да го доживеат разводот како ненадејна и неочекувана состојба. Секако и самиот став кон разводот влијае на неговото полесно прифаќање. Се смета дека оние индивидуи кои генерално имаат помалку традиционални ставови кон бракот, полесно се прилагодуваат кон разводот. Секако, уште многу други фактори влијаат на адаптацијата на разводот, како социјалната поддршка по разводот, поддршката од пријателите, семејството и заедницата итн. Во однос на децата, тие можат да служат и како извор на поддршка за децата, особено ако се повозрасни и како извор на стрес, во зависност од влијанието на разводот врз нив (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 480 - 484).

## Наталитет

**Стапка на наталитет** претставува однос меѓу бројот на живородените деца и просечниот број на населението на средината на годината за која се пресметува, пресметана на 1.000 жители (Државен завод за статистика на Северна Македонија).

Демографските и општествените промени од 20-тиот век кај индустријализираните општества најмногу ја променија динамиката на семејствата, како и родовите односи и улогите на нејзините членови. Меѓу нив, би ги издвоиле продолжениот животен век на луѓето, намалениот наталитет и фертилитет, што резултираше со еден вид вертикализација на семејствата во кои зголемен е бројот на генерации во едно семејство, но помал е бројот на членови во рамките на една генерација (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 40). Намалениот број на членови во семејствата се должи на намалената стапка на наталитет и општо на пониската плодност на родителите.

Во Канада просечната големина на семејството започнала да опаѓа од 1970-тите години. Во 1971-вата година семејствата имале во просек 3,7 членови; од 1986-тата година, просекот опаднал на 3,1 лица. Слична е состојбата и во САД каде едно просечно американско семејство во 2000-тата година имало 3,2 члена (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 187). Една од државите со најнизок наталитет во Европа е Австрија, каде се забележува континуирано намалување на наталитетот од 1963-тата година. Во 1999-тата година, стапката на наталитет достигнала најниско ниво од 1,31 дете по жена, а слични податоци се забележуваат и во Шпанија, Италија, Грција и Чешка. Всушност, во Австрија семејствата со четири или повеќе деца речиси целосно исчезнале по 1940-тата година (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 134). Бездетните семејства, пак, се најмногу застапени во САД, Англија, Австралија, Данска, Шведска, Франција и Италија. Овие општества имаат и најнизок наталитет, намалено и постаро население и недоволна работна сила (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 275 - 278).

Намалениот наталитет во Северна Македонија не претставува воопшто нов феномен, напротив, статистичките показатели говорат за промени во репродуктивното однесување на населението уште во повоениот период. На пример, од 40,7 живородени деца на 1.000 жители во 1948-мата година, тој број се намалувал постепено, па во 1961-вата година изнесува 29,9, а во 1981-вата година 20,6. Оваа бројка продолжува да се намалува и изминатите децении и денес се соочуваме со наталитет кој не е доволен за обнова на генерациите. Големината на едно семејство и одлуката за бројот на деца во него, секако зависат од повеќе фактори, меѓу кои степенот на развојот на општеството во кое живеат, економската благосостојба и социјалниот статус на семејството, степенот на образование на членовите на семејството итн. Според социјалниот статус, односно професијата на жените, се смета дека колку е тој повисок, толку е помал бројот на деца што таа ќе ги роди. Така, според едно истражување од 1980-тите години за репродукцијата на жените во Македонија, најмногу деца раѓале домаќинките, а најмалку жените службенички (Петроска, 1987, стр. 233 - 240). Денес, наталитетот во Северна Македонија продолжува да опаѓа од година во година, но не со галопирачки интензитет како во горенаведените европски земји.

## Фертилитет и семејно планирање

**Вкупната стапка на фертилитет** го покажува веројатниот просечен број на живородени деца што би ги родила една жена од набљудуваната генерација, во фертилниот период (15 - 49 години), под услов на исто влијание на специфичните стапки на фертилитетот, како и во набљудуваната година, без влијание на морталитетот (Државен завод за статистика на Северна Македонија).

Во изминатите децении, планетата Земја се обидува да се справи со последиците од пренаселеноста, но истовремено развиените земји постојано се загрижени поради падот на наталитетот и стареењето на населението. Доброволната или присилна одлука еден пар да нема деца постоела отсекогаш и зависи од поголем број фактори. Бездетноста или

непостигнувањето на репродуктивните цели најчесто произлегува од различни фактори, како намалениот општествен притисок да се склучи брак и да се има деца, неможност да се најде соодветен партнер за основање семејство, незаинтересираност да се најде партнер, финансиски проблеми во врската или бракот, одложувањето на раѓање деца и намалениот фертилитет/опаѓање на плодноста во поодминати години, особено кај женската популација, тешкотии при воспоставување баланс помеѓу родителството и работата (Ponzetti, 2003, Vol. 1, стр. 277 - 278). Репродуктивното здравје е под влијание на физичката и социјалната средина на индивидуите, социоекономските услови за живеење и достапноста на медицински услуги, како и исхраната за време на бременоста и условите за живот и пристап до здравствени услуги за време на детството, здрав начин на живот и здравствени навики (како негативни влијанија на репродуктивното здравје и плодноста се издвојуваат прекумерното пушење цигари, консумирање алкохол, прекумерната дебелината или обезност или екстремно слабеење итн.). Во западните земји мнозинството жени вообичаено ја контролираат својата плодност со ефективни, достапни и безбедни методи за контрола на раѓањето. За проблемите со плодноста партнерите најчесто бараат лекарска помош (Ponzetti, 2003, Vol. 2, стр. 612 - 615).

Општо дефинирано, планирањето на семејството е чин на правење свесен план за бројот и за временскиот период на раѓањето на децата. Луѓето свесно или несвесно се обидувале да го планираат семејството и во минатото. Стапката на наталитет се намалувала преку апстиненција или забрани за сексуални односи, одвојување на сопружниците долги временски периоди поради војни или службени патувања итн. Денес планирањето на семејството вклучува абортус, користење различни средства за контрацепција, тестирање и третмани за плодност итн. (Ponzetti, 2003, Vol. 2, стр. 667 - 670).

На почетокот на XVIII век, светската популација се проценувала на 750 милиони. Со растечката урбанизација и индустријализација, популацијата зголемено растела, достигнувајќи една милијарда во 1830-тата година, две милијарди во 1930-тата година, три милијарди во 1960-

тата година, пет милијарди до 1990-тата година и шест милијарди во 2000-тата година. Растот најмногу се должи на зголемениот стандард на живеење, односно на животниот век на луѓето, подобрените санитарни услови, контролата на заразни болести итн. Но, правопропорционално со зголемувањето на стандардот на живеење во земјите на Западна Европа, САД и други, стапката на фертилитет до 1990-тата година веќе почнала да опаѓа и веќе од 2020 година, се очекувал бавен пад на популацијата (Ponzetti, 2003, Vol. 2, стр. 612 - 615).

Во САД околу 10 - 15 проценти од вкупниот број на парови имаат тешкотии со зачнувањето, притоа причините се подеднакво поделени меѓу мажите и жените. Главни причини за нефертилност се сметаат венерични инфекции, задоцнета или нерегуларна овулацијата, низок број на сперматозоиди, опструкции кај машките или женските репродуктивни органи итн. Доколку третманите за овие здравствени проблеми се неуспешни, многу парови се одлучуваат за вештачко оплодување, односно ин витро оплодување, кое исто така се користи како метод за оплодување кај партнери во поодминати години.

Европа и Европската Унија со децении наназад се соочуваат со намалена стапка на фертилност под 1,53 и стареење на населението што доведува до загрижувачки проекции за работоспособното население во иднина. Ваквите влијанија се присутни и во нашата земја, каде што континуирано се забележува опаѓање на стапката на фертилитет многу под минимумот потребен за обновување на населението.

Кога станува збор за планирање на семејството, Република Северна Македонија, нема јасна стратегија за планирање на семејството, ниту пак соодветна едукација за младите. Истражувањата покажуваат дека младите не се доволно информирани за концептот планирање на семејството и употреба на контрацепција. Речиси половина од младите (48 %) понекогаш користат заштита при сексуални односи, 21 % секогаш користат, една четвртина никогаш не користат (25 %), и 6 % не знаат што значи терминот односно не се информирани (Топузовска-Латковиќ М. et al., 2019, стр. 24).

## II АКТУЕЛНА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**(анализа на статистички показатели)**

Промените кои во последните децении се случуваат во македонското семејство можат јасно да се согледаат преку демографските показатели. Бројките покажуваат значително намалување на наталитетот, фертилитетот, намалување на бројот на бракови, а од друга страна зголемување на бројот на разводи, бројот на деца родени надвор од бракот, како и зголемување на возраста на стапување во брак и раѓање на прво дете. Иако негативните тенденции се поодамна присутни во земјите на Европската Унија, во последниве неколку години нашата земја достигна пониско ниво на некои индикатори и од просекот на Европската Унија.

Во прилог е анализа на поединечните индикатори која ги компарира податоците од почетоците на самостојна Македонија - деведесеттите години со актуелните бројки (2020/21). Прикажаните статистички показатели се преземени од извештаите на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија. Исто така, во прилог се дадени статистиките кои претставуваат просек од состојбите во земјите на Европската Унија.

## Брак

Во 1994-тата година, биле склучени 15.736 брака, додека во 2020-та година, 10.278. Тоа значи дека денес се случуваат 5.458 брака помалку на годишно ниво. Актуелната стапка на нупцијалитет (број на склучени бракови на 1.000 жители) изнесува 5,0. За споредба, според податоци на Еуростат (Eurostat statistics explained) во Европската Унија оваа стапка изнесува 4,3, а последните расположливи податоци за 2019-та година покажуваат дека биле склучени 1,9 милиони бракови. Може да се заклучи дека Македонија го следи трендот на Европската Унија во однос на намалувањето на бројот на бракови, иако со побавно темпо.

Намалувањето на бројот на бракови е проследено и со одложување на бракот и зголемување на возраста на склучување брак. Просечната возраст на стапување во брак во 1994 година била 23 години за жени и 25 за мажи, додека во 2021 година, 27 години за жени и 29,8 за мажи. Тоа значи дека денеска младите стапуваат во брак 4 - 5 години подоцна отколку во деведесеттите години. Според Еуростат (2019 г.), во речиси сите земји на Европската Унија, просечната возраст на склучување прв брак е над 30 години, со највисока возраст од 36 години во Шпанија. Може да се заклучи дека возраста на склучување брак во нашата земја е сè поблиска до таа во земјите на Европската Унија.

## Развод

Бројот на разводи е повеќе од двојно зголемен во изминатиот период. Од 710 разводи кои биле склучени во 1995-тата година на 1.569 во 2020-тата година. Актуелната стапка на диворцијалитет (број на разведени бракови на 1.000 жители) изнесува 0,8. Во Европската Унија половина од склучените бракови завршуваат со развод. Според Еуростат, во 2019-тата година имало 0,8 милиони разводи што одговара на стапка на диворцијалитет од 1,8. Може да се заклучи дека постои тенденција на зголемување на бројот на разводи во нашата земја, меѓутоа браковите многу почесто се разведуваат во земјите на Европската Унија.

## Наталитет

Нетативните тенденции кај параметарот брак, влијаат и на наталитетот и репродукцијата. Република Северна Македонија од нејзиното осамостојување, бележи континуирано опаѓање на наталитетот. Според Заводот за статистика на Република Македонија во 1995 година се родиле 32.154 деца, додека во според последните достапни податоци, во 2021-та година, во Република Северна Македонија се родени вкупно 18.790 деца, во споредба со претходната година кога се родиле вкупно 19.167

деца, односно наталитетот се намалил за 2 % или стапката на наталитет за 2020-тата година била: 9,2 живородени на 1.000 жители. Стапката на наталитет (живородени деца на 1.000 жители) се движела од 17 на почетокот на деведесеттите до 9,2 актуелни проценти. Намалувањето на наталитетот доведе и до намалување на виталниот индекс, односно до намалување на бројот на живородените во однос на умрените лица. Стапката на природен прираст (разлика меѓу живородените и умрените лица) од 8,1 во 1994 се намалила на -3,2 и Македонија за првпат бележи негативен природен прираст, што значи дека нејзиното население се намалува. Европската Унија многу поодамна е зафатена од трендот на значително опаѓање на бројот на родени деца кој од почетокот на 21 век е под пет милиони. Сепак, со актуелна стапка од 9,3 и 4,2 милиони деца во 2019-тата година сликата не е поразлична од нашата земја.

Одложување на бракот, го одложува и раѓањето. Жените сè подоцна го добиваат своето прво дете, па ако просечната возраст за раѓање на првото дете била 23 години во 1994-тата година, денес раѓањето на првото дете се одложува до 28-мата година. 29,4 е просечната возраст на која што жените во Европската Унија го добиле своето прво дете во 2019-тата година. Притоа, според Еуростат (2019), најмлада возраст е забележана во Бугарија 26,3 и најстара во Италија 31,3 години. Може да се заклучи дека денес, жените во Северна Македонија, раѓаат пет години подоцна од почетокот на деведесеттите години и возраста на раѓање е слична со земјите во Европската Унија.

Жените сè почесто се одлучуваат да родат дете без да склучат брак. Во 2020-тата година 13 % од вкупниот број родени деца се родени надвор од брак. И овој параметар бележи пораст од 5 % споредено со 1994 кога изнесувал 8 %. Сепак, овој процент е значително помал од Европската Унија, каде што 42 % (2018) од децата се раѓаат надвор од брачната заедница. Според Еуростат (2019), во некои земји како Франција и Бугарија овој процент достигнува 60 % од вкупните раѓања. Во иднина се очекува овој процент да расте со оглед на намалување на бројот на бракови, одложување на бракот и негова замена со вонбрачна заедница.

Мора да се напомене дека во нашето законодавство сè уште не постои единствена правна дефиниција за поимот еднородителски семејства. Сепак се проценува дека  процентот на мајки со деца во Република Македонија е 7 %, додека татковци со деца е 2 %. Вкупниот процент на овие типови на семејства (кои не носат посебно име, на пр. самохрани/еднородителски семејства), според Заводот за статистика е 9 %.

## Фертилитет

Вредностите на тоталната стапка на фертилитет (ТФР) која се смета за хипотетски или можен фертилитет и го претставува бројот на живородени деца кои се очекува една жена да ги има во текот на нејзиниот репродуктивен период (15 - 49 години), имаат постојан тренд на намалување. Актуелната стапка на фертилитет во 2020-та година достигна ниско ниво од 1,31. Како фактори кои најмногу влијаат на нискиот фертилитет во нашата држава се сметаат: високата и континуирана невработеност, особено невработеноста кај младата популација, ниската економска активност кај жените, како и континуираното покачување на просечната возраст на мајката при првото раѓање (Демографските политики и родовата еднаквост во Република Македонија: Мерките за унапредување на еднаквоста помеѓу жените и мажите како мерки за зголемување на наталитетот, 2012).

Минимумот за проста репродукција, а не за зголемување на населението е 2,1 деца на една жена, процент карактеристичен за стапката на тотален фертилитет во 1994 година. Вкупната стапка на фертилитет под 1,3 живородени деца по жена често се нарекува „најниска ниска плодност“ и во однос на овој параметар нашата земја има полоша слика од Европската Унија чија стапка во 2019-та изнесувала 1,53. Во последните неколку децении Европејците имаат помалку деца и тоа се отсликува на стареење на населението и намалување на бројот на работоспособно население. Се очекува забрзаниот тренд на намалување на фертилноста заедно со трендот на миграции да има сè поголем негативен ефект врз демографската слика на Северна Македонија.

## III МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**Предмет на истражување** се перцепциите на младите лица во однос на бракот, разводот и родителството. Освен испитувањето на моменталните перцепции и ставови, истражувањето претставува и компаративна студија која ги испитува промените на перцепциите на младите лица во период од 7 години. Компаративната анализа, која се прави преку споредба со исто истражување спроведено во 2014 година (со идентичен прашалник и на ист квантум на примерок), ги испитува динамиките во однос на сфаќањето на бракот, (вон)брачната заедница, разводот и родителската улога.

Во насока на предметот на истражување ги поставивме следните задачи:

- Да се испитаат перцепциите на младите лица во однос на сопственото семејство, односно семејството на потекло;
- Да се испитаат перцепциите на младите лица во однос на сексуалноста;
- Да се испитаат перцепциите на младите лица во однос на бракот;
- Да се испитаат перцепциите на младите лица во однос на разводот;
- Да се испитаат перцепциите на младите лица во однос на вонбрачната заедница;
- Да се испитаат перцепциите на младите лица во однос на родителството.

## Инструмент на истражување

Инструмент на истражување беше прашалник од вкупно 52 прашања поделени во пет групи: општи податоци, брак, развод, деца и вонбрачна заедница.

## Опис на примерокот

Со оглед на тоа дека станува збор за компаративна студија, истражувањето се реализираше на два примероци. Станува збор за лонгитудинална студија, каде едниот примерок се однесува на истражување реализирано во 2014 година, додека другиот примерок на истражување е реализирано во текот на 2022 година. И во двата случаи станува збор за пригоден примерок, добиен преку методот на снежна топка1. Разликата во двата примероци е во начинот на собирање на податоците. Истражувањето во 2014 година е реализирано преку дистрибуција на прашалници, додека пак во 2022 година истражувањето се реализираше онлајн преку Google Forms. Во двата примероци, поради лесна достапност, таргет група беа студенти и тоа најчесто на Филозофски факултет – Скопје. Примерокот во 2014 година броеше 120 испитаници ($N_{2014}$ = 120), додека во 2022 броеше 121 испитаник ($N_{2022}$ = 121).

Подобар преглед на примерокот имаме на следните графикони:




**Графикон 1:** Преглед на примероците во однос на полот и местото на живеење

[1] Во општествените науки, формирањето на примерок по пат на *снежна топка се* однесува на *техника на земање примероци со неверојатна веројатност* во која истражувачот започнува со мала популација на познати поединци и ја проширува со тоа што бара тие првични учесници да ги идентификуваат другите кои треба да учествуваат во студијата. Со други зборови, примерокот започнува со мали, но „снежни топки“ и прераснува во поголем примерок во текот на истражувањето.

На графиконот бр. 1 може да видиме дека во 2014 година 77 % од испитаниците биле жени, наспроти 23 % мажи. Најголемиот дел од нив, односно 74 % живееле во Скопје, наспроти 26 % кои живееле надвор од Скопје. Понатаму најголемиот дел од примерокот 86 % израснале во урбана средина.

Примерокот од 2022 година содржи значително повеќе испитанички 91,7 %, наспроти 8,3 испитаници од машки пол. Најголемиот дел од испитаниците живеат во Скопје (68 %), наспроти 32 % кои живеат надвор од Скопје. Слично како и во примерокот од 2014 година, 82 % проценти израснале во урбана средина.

Во однос на возраста и во двата примероци најголемиот дел од испитаниците се на возраст од 18 до 22 години.




**Графикон 2:** Возраст на испитаниците (вредностите се во %)

Во однос на брачната состојба дистрибуцијата е скоро подеднаква помеѓу младите луѓе кои се слободни или се во врска, како во 2014 г. така и во 2022 г. Дистрибуцијата на процентуалната застапеност е презентирана во графикон бр. 3.




**Графикон 3:** Брачна состојба (вредностите се во %)

Во однос на религиската определба најголемиот дел од испитаниците се христијани, во N2014 процентуалната застапеност на младите христијани е 81 %, наспроти 82 % во N2022. Резултатите подетално се презентирани во графикон бр. 4.




**Графикон 4:** Религиозна определба (вредностите се во %)

Најголемиот дел од младите лица потекнуваат од родители кои се во брак, 88 % во 2014 година и 78 % во 2022 година. Сличен е процентот на родители кои се разделени или разведени. Во 2022 година 12 % се

изјасниле за опцијата друго, која во најголем дел ги опфаќа родителите со починат партнер.




**Графикон 5:** Приказ на брачната состојба на родителите на испитаниците (вредностите се во %)

## Статистичка обработка на податоците:

Собраните податоци беа групирани и табелирани со цел да се олесни понатамошната обработка. Во обработка на добиените податоци ја користевме процентуалната застапеност и $X^2$ тестот на ниво на значајност од $p < 0,05$.

# IV АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

## 4.1 Перцепцијата на младите во однос на своето семејство/семејството на потекло

Како во 2014 година, така и во 2022 година најголемиот дел од младите лица живеат во нуклеусно семејство, 64 % во 2014 година наспроти 62 % во 2022 година. Во текот на овие години, според резултатите од нашиот примерок, се зголемил процентот на млади лица кои живеат со еден родител, од 12 % во 2014 година на 18 % во 2022 година, а се намалил бројот на млади лица кои живеат во проширено семејство, од 22 % во 2014 година на 19 % во 2022 година. Графикон бр. 6 дава визуелен приказ на овие тенденции.




**Графикон 6:** Во какво семејство живеат младите лица (вредностите се во %)

Во однос на сопствената перцепција на младите кон функционалноста на нивните семејства би констатирале дека процентуалната анализа бележи влошување на семејните односи во однос на истражувањето спроведено во 2014 година. Во 2022 година се намалил процентот на хармонични семејства од 52 % во 2014 година, на 33 % во 2022 година. За сметка на тоа се зголемува процентот на семејства што не функционираат добро од 4 % во 2014 година, на 6 % во 2022 година, но особено впечатлив е зголемениот процент на конфликтни семејства од 2 % во 2014 година, на 15 % во 2022 година. (графикон бр. 7)




**Графикон 7:** Како младите лица го оценуваат своето семејство (вредностите се во %)

Во однос на блискоста што ја чувствуваат кон семејните членови, сосема очекувано испитаниците се чувствуваат најблиски со членовите на најтесниот семеен круг, и тоа процентуално е слично и во двата примероци. Изненадува резултатот добиен во 2022 година според кој 10 % од испитаниците не се чувствуваат блиски со ниту еден семеен член во потесното или пошироко семејство, што упатува на потреба од дополнителна анализа и поддршка во насока на подобрување на семејната клима

и евентуалните ризици со кои се соочуваат овие семејства. Подетално податоците се презентирани на наредниот графикон:




**Графикон 8:** Со кои семејни членови младите се чувствуваат најблиски (вредностите се во %)

## 4.2 Интимниот живот на младите лица

Според информациите кои беа споделени во истражувањето скоро подеднаков е процентот на млади лица кои се/биле во интимна врска повеќе од 6 месеци во 2014 година и сега. Незначителната процентуална разлика не нè води кон евентуална промена на овие тенденции во изминативе години. На графикон бр. 9 се презентирани резултатите:




**Графикон 9:** Приказ колку од младите лица се во интимна врска (вредностите се во %)

Во однос на интимниот живот на пријателите на испитаниците имаме различни податоци во 2014 година и во 2022 година. Во 2014 година 40 % од пријателите на испитаниците биле во интимна врска, наспроти 54 % во 2022 година. (графикон бр. 10)




**Графикон 10:** Приказ колку од пријателите на испитаниците се во интимна врска

Во однос на сексуалната активност на испитаниците, процентуалната анализа покажува зголемена сексуална активност на младите во споредба со истражувањето пред седум години. Во 2014 година дури 41 % од испитаниците се изјасниле дека немале ниту еден сексуален партнер до моментот на испитување, наспроти 26 % во 2022 година. И во двата примероци најголемиот процент отпаѓа на испитаници кои имале од 1 до 5 сексуални партнери, 50 % во 2014 година и 63 % во 2022 година. (графикон бр. 11)




**Графикон 11:** Приказ на број на сексуални партнери на испитаниците: (вредностите се во %)

Дистрибуцијата според пол во 2022 година е следната:




**Графикон 12:** Број на сексуални партнери според полот на испитаниците (вредностите се во %)

Според графиконот можеме да забележиме дека имаме поголем процент на девојки кои немале ниту еден сексуален партнер, 26 % проценти девојки наспроти 20 % момчиња. Понатаму сличен е процентот на испитаници според полот кои имале од 1 до 5 партнери, 63 кај девојките и 60 кај момчињата. Интензивна разлика помеѓу половите имаме кај испитаниците кои имале од 6 до 10 партнери, и тоа 8 % кај женските и 20 % кај машките.

Во однос на интимните прашања на испитаниците најголема разлика низ годините забележавме во однос на сексуалната определба. Во 2014 година 95 % се изјасниле како хетеросексуалци, наспроти 86 % во 2022 година. Останатиот процент на испитаници се изјаснил подеднакво како хомосексуалци и бисексуалци. Резултатите се презентирани во графикон бр. 13 и бр. 14.




**Графикон 13:** Сексуална определба на испитаниците (вредностите се во %)




**Графикон 14:** Дистрибуција на сексуалната определба на испитаниците според пол

Во однос на полот може да видиме дека ниту едно машко не се изјаснило како хомосексуалец, а 10 % од нив се изјасниле како бисексуалци. Додека пак подеднаков процент на девојки (7 %) се изјасниле како хомо односно бисексуалки.

## 4.3 Перцепција на младите во однос на бракот

Истражувањето покажа дека испитаниците веруваат дека љубовта е најважна причина за стапување во брак. Иако со текот на годините се намалил процентот на младите лица кои ја истакнуваат љубовта како доминантна причина (од 93 % во 2014година до 88 % во 2022 година), сепак таа го има приматот во висок процент. Во 2022 година 8 % од испитаниците ја издвоиле економската стабилност како најважна причина за стапување во брак, а незначително мал процент отпаѓа на потребата да се има деца, притисокот од средината или семејството како и стравот од останување сам/а. Наредниот графикон визуелно ја прикажува оваа процентуална застапеност.




**Графикон 15:** Приказ на најважната причина за стапување во брак (вредностите се во %)

Со текот на годините не се променила перцепцијата на младите во однос на идеалната возраст за стапување во брак. Според најголемиот процент од младите најидеална возраст е од 22 до 28 години, а скоро една третина од испитаниците и во двата примероци како идеална возраст го издвојуваат периодот од 28 до 32 години. (графикон бр. 16)




**Графикон 16:** Идеална возраст за стапување во брак (вредностите се во %)

Понатамошната анализа (табела 1) беше насочена кон утврдување на конкретните промени во перцепциите на младите, преку употреба на $X^2$, на ниво на значајност од $p < ,05$, се обидовме да откриеме кои ставови се промениле низ годините. Од 13 анализирани ставови статистички значајна разлика откривме кај седум од нив (вредностите на $X^2$ се повлечени во табела 1). Оттука оваа анализа нѐ води кон значајни заклучоци во однос на перцепциите на младите и динамиката на истите во изминатиот период од седум години.

Во 2014 година поголем дел од младите лица верувале дека луѓето во брак се посреќни од самците, но со текот на годините ваквите размислувања постепено се менувале. Истражувањето во 2022 година покажа дека голем дел од младите лица не ја поврзуваат среќата со брачната состојба. Ставот кај младите лица се променил и во однос на тоа дали сите лица треба да стапат во брак, во 2014 година поголем дел од испитаниците сметале дека сите треба да стапат во брак, наспроти 2022 година кога размислувањата на младите одат во поинаква насока и поголем е бројот на млади лица кои не се согласуваат со ова тврдење. Овие два ставови кореспондираат еден со друг, промената на перцепцијата во однос на среќата што ја не/доживува личноста кога е во брак секако се одразува врз идејата дека сите лица не/треба да стапат во брак.

Во 2014 година бракот се перципира како фактор кој влијае врз процесот на созревање, за разлика од 2022 година кога младите сѐ повеќе ја напуштаат таа идеја. Како во 2014 година, така и сега поголемиот дел од младите лица веруваат дека со стапувањето во брак не се губи дел од сопствениот идентитет.

Слична е ситуацијата и во однос на приоритетите помеѓу бракот и кариерата. Во 2014 година младите лица предност дале врз успешен брак наспроти успешна кариера, став кој се променил со текот на годините и денес предност се дава на успешна кариера. Аналогно на ова одат и перцепциите на младите во однос на нивната спремност да ја жртвуваат кариерата за да имаат успешен брак, младите во 2014 година теоретски покажале спремност за таква жртва, наспроти перцепциите на младите седум години потоа.

Голем дел од традиционалните перцепции младите успеале да ги надминат во текот на периодот кој го истражувавме. Меѓу нив е и либерализација на перцепциите во однос на траењето на бракот, во 2014 година поголем дел од младите верувале дека бракот е засекогаш, наспроти верувањата сега. Во исто време младите сега се чувствуваат послободни да влезат во врска или во брак со лице кое претходно било во брак и има деца во истиот.

Ставовите останале непроменети или нивната промена е незначителна кај одреден дел од ставовите на младите лица. Во 2014 година поголемиот дел од испитаниците сметале дека бракот носи одредени предности, во 2022 година повторно поголем дел од испитаниците се согласиле со ова тврдење, но голем дел од испитаниците се одлучиле за опцијата – не знам. Голем дел од младите лице во текот на овие години останале на ставот дека не би простиле неверство, и дека не би прифатиле договорен брак.

Во текот на последните седум години не прогресираат ставовите во однос на градење на врска со партнер од друга националност. Како во 2014 година, така и во 2022 година, имаме поделена процентуална дистрибуција меѓу младите лица во однос на нивната спремност да стапат во брак со партнер од друга националност. Слична поделеност имаме и во однос на нивната верба во успешноста на бракот и среќата што ја доживуваат брачните партнери.

Сеопфатната компаративна анализа е презентирана на наредната табела:

**Табела 1:** Компаративна анализа на промените на перцепциите на младите во однос на бракот:

| Тврдење | Се согласувам | | | | Не се согласувам | | | | Не знам | | | | $X^2$ $p < ,05$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | | 2022 | | 2014 | | 2022 | | 2014 | | 2022 | | |
| | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % | |
| Дали мислите дека луѓето во брак се посреќни од самците? | 70 | 58 | 43 | 36 | 50 | 42 | 69 | 57 | / | / | 9 | 7 | $X^2$(1, N=232)= =9,22 $p = 0,02$* |
| Сите би требало да се омажат/оженат | 64 | 54 | 34 | 28 | 56 | 46 | 87 | 72 | / | / | / | / | $X^2$(1, N=241)= =15,9 $p = 0,00$** |
| Бракот носи одредени предности | 86 | 72 | 68 | 56 | 30 | 25 | 13 | 11 | 4 | 3 | 40 | 33 | $X^2$ (1,N=197)= =2,69 $p = 0,10$ |
| Бракот им помага на индивидуите да созреат | 90 | 75 | 63 | 52 | 30 | 25 | 57 | 47 | / | / | 1 | 1 | $X^2$(1,N=240)= =13,14 $p = 0,00$** |
| Успешен брак е поважен од успешна кариера | 82 | 69 | 47 | 39 | 38 | 31 | 71 | 59 | / | / | 3 | 2 | $X^2$(1, N=238)= =19,4 $p = 0,00$** |
| Бракот е засекогаш | 63 | 53 | 25 | 21 | 57 | 47 | 96 | 79 | / | / | / | / | $X^2$(1, N=241)= =26,6 $p < 0,00$** |
| Би ја жртвувал/а сопствената кариера за бракот | 62 | 52 | 39 | 32 | 58 | 48 | 77 | 64 | / | / | 5 | 4 | $X^2$(1, N=236)= =7,84 $p = 0,00$** |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Би простил/а неверство во бракот | 13 | 11 | 6 | 5 | 107 | 89 | 112 | 93 | / | / | 3 | 2 | **$X^2$ (1, N=238)= =2,67**<br>***p* = 0,10** |
| Би прифатил/а договорен брак | 11 | 9 | 9 | 7 | 109 | 91 | 112 | 93 | / | / | / | / | **$X^2$ (1, N=241)= =0,23**<br>***p* = 0,62** |
| Би бил/а во врска или брак со партнер/ка кој/а има деца од претходна врска/брак? | 43 | 36 | 58 | 48 | 77 | 64 | 58 | 48 | / | / | 5 | 4 | **$X^2$ (1, N=236)= =4,83**<br>***p* = 0,27** |
| Би бил/а во врска или брак со личност од друга националност | 56 | 47 | 60 | 50 | 63 | 52 | 61 | 50 | 1 | 1 | / | / | **$X^2$ (1, N=240)= =0,15**<br>***p* = 0,69** |
| Со стапувањето во брак се губи дел од сопствениот идентитет | 35 | 29 | 35 | 29 | 85 | 71 | 86 | 71 | / | / | / | / | **$X^2$ (1, N=241)= =0,00**<br>***p* = 0,96** |
| Мнозинството бракови завршуваат несреќно или со развод | 61 | 51 | 54 | 45 | 59 | 49 | 62 | 51 | / | / | 6 | 7 | **$X^2$ (1, N=236)= =0,43**<br>***p* = 0,51** |

Процентуалната анализа покажа промена на перцепциите на младите лица во однос на тоа што е најважно за среќен брак. Во 2014 година младите верувале дека љубовта помеѓу брачните партнери е најважна, и тоа 60 % од испитаниците, додека пак во 2022 година целосно се менуваат ставовите, 60 % од испитаниците сметаат дека најважна е комуникацијата, а само 21 % се одлучиле за љубовта (графикон бр. 17).




**Графикон 17:** Приказ во однос на тоа што е најважно за среќен брак (вредностите се во %)

Младите лица своите ставови за бракот и семејството најчесто ги формираат под влијание на нивните родители. Во 2014 година тоа влијание било поинтензивно, а истото се намалува во 2022 година, но сепак останува како доминантен фактор меѓу наброените. Во 2022 година голем дел од младите лица се одлучиле за опцијата друго. (графикон бр. 18)




**Графикон 18:** Приказ во однос на тоа кој најмногу влијаел врз формирањето на ставовите: (вредностите се во %)

Согласно со анализата во 2014 година, 61 % би стапиле во брак со сегашниот партнер, а во 2022 година тој процент незначително се намалува на 56 %. Впечатлив е преминот од традиционално кон нуклеусно семејство. Високи 96 % од младите очекуваат по стапувањето во брак да живеат исклучиво со партнерот, тоа е дури за 20 % повеќе во однос на 2014 година. Резултатите се прикажани во графикон бр. 19.




**Графикон 19:** Приказ во однос на тоа со кој би живееле по стапувањето во брак: (вредностите се во %)

## 4.4 Перцепција на младите во однос на разводот

Младите веруваат дека најчеста причина за развод е губење интерес за партнерот, тоа го потврдиле 40 % од испитаниците. Како втора причина се јавува неверството кај 29 % од испитаниците. Сепак, би констатирале дека овие две причини се поврзани помеѓу себе и укажуваа на тоа дека младите го разбираат бракот како нешто на кое треба константно да се работи, да се развива и надоградува. Во случај кога внимаваме на брачните односи веројатноста да се намали интересот кон партнерот се намалува, а со тоа и можноста за неверство.  Третата по ред причина се однесува на влијанието на родителите на младите врз нивниот брак (19 % од родителите).

Во 2014 година перцепциите биле малку поразлични. Доминантен фактор за развод сметале дека е неверството (57 % од испитаниците), додека губењето интерес за партнерот било на второ место со 27 %. Подетално резултатите се прикажани на наредниот графикон:




**Графикон 20:** Приказ во однос на тоа што според младите е најчеста причина за развод: (вредностите се во %)

Во 2022 година 51 % од испитаниците се согласиле дека разводот повеќе влијае врз жените, наспроти 43 % во 2014 година. Според дистрибуцијата на одговорите би заклучиле дека постојат поделени мислења помеѓу испитаниците, односно промените кои се случуваат кај личноста по разводот не се поврзани со полот.

Во исто време поделени се ставовите во однос на тоа дали младите би биле во врска со партнер кој е разведен. 53 % од испитаниците потврдиле дека би биле во врска со разведен маж/жена, наспроти 51 % во 2014 година. Согласно тоа би заклучиле дека перцепциите на младите не се промениле значително во текот на изминативе години (графикон бр. 21).




**Графикон 21:** Приказ на ставовите на младите во однос на тоа дали би прифатиле врска со разведен маж/жена (вредностите се во %)

## 4.5 Ставовите на младите лица во однос на вонбрачната заедница

Во однос на ставовите на младите кон вонбрачната заедница утврдивме дека најголемиот дел од нив би живееле во вонбрачна заедница (61 %), но сметаат дека во Македонија сè уште е морално неприфатливо живеењето во вонбрачна заедница (78 %). Аналогно на овој став, 52 % од младите лица не веруваат дека нивните родители би одобриле да живеат во вонбрачна заедница.

Поголемиот дел од испитаниците (53 %) сметаат дека живеењето во вонбрачна заедница може да има позитивно влијание врз бракот. Во 2014 година поголем процент на испитаници верувале во позитивното влијание на заедничкото предбрачно живеење, дури 65 %, но анализата со X2 покажа дела намалениот процент на доверба не е статистички

значајна. Понатаму повисок процент на испитаници (68 %) се изјаснија дека не би живееле со партнер кој не верува во брак.

58 %  од испитаниците се согласиле дека прифатливо е жена да роди дете надвор од партнерска заедница, што покажува извесна промена во однос на перцепциите во 2014 година кога само 47 % се изјасниле позитивно. Висок процент на испитаници смета дека имањето на деца не е пресудно за среќен брак, 78 % се согласиле со ова тврдење.

Во однос на истополовите бракови можеме да заклучиме дека младите лица во поголема мера се спремни да ги прифатат истополовите заедници (61 %), но тој процент се намалува кога станува збор за прифаќање на легализацијата на истополовите бракови (53 %). За разлика од делумно прифаќање на истополовите бракови, младите лица имаат поригорозен став во однос на имањето/посвојувањето на деца од страна на истополови партнери, 65 % се изјасниле дека со ова не се согласуваат.

Компарацијата со истражувањето во 2014 години ни покажа дека извесни ставови значајно се промениле во однос на денешните сфаќања, но некои од нив останале непроменети или сосема малку променети (во табела 2 прикажани се вредностите на X2, а подвлечени се оние вредности кај кои се утврдило статистички значајна разлика). Според резултатите би истакнале дека перцепциите се смениле во два сегменти: живеење во вонбрачна заедница и истополови бракови. Младите сега, за разлика од 2014 година, се спремни да живеат во вонбрачна заедница. Додека пак во однос на истополовите бракови би истакнале дека има значителна либерализација на ставовите, младите покажале поголемо прифаќање на овие бракови и нивна легализација. И покрај тоа што мнозинството од испитаниците сметаат дека истополовите партнери не треба да имаат деца, сепак ваквиот став бил далеку поригорозен и застапен кај значајно поголем број на испитаници во 2014 година. Односно ставот и по ова прашање постепено се менува кај младите лица.

Комплетните резултати се презентирани во табела 2.

**Табела 2:** Приказ на ставовите на младите лица во однос на вонбрачните заедници:

| Тврдење | Се согласувам | | | | Не се согласувам | | | | $X^2$ $p < ,05$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | | 2022 | | 2014 | | 2022 | | |
| | N | % | N | % | N | % | N | % | |
| Дали би живееле во вонбрачна заедница? | 48 | 40 | 74 | 61 | 72 | 60 | 47 | 39 | $X^2$ (1, N=241)=10,78 *p* = 0,00** |
| Дали мислите дека во Македонија е морално прифатено живеењето во вонбрачна заедница? | 37 | 31 | 27 | 22 | 83 | 69 | 94 | 78 | $X^2$ (1, N=241)=2,42 *p* = 0,13 |
| Вонбрачната заедница води кон успешен брак | 78 | 65 | 64 | 53 | 42 | 35 | 57 | 47 | $X^2$ (1, N=241)=3,64 *p* = 0,05* |
| Дали Вашите родители би се согласиле да живеете во вонбрачна заедница? | 61 | 51 | 58 | 48 | 59 | 49 | 63 | 52 | $X^2$ (1, N=241)=0.2 *p* = 0,65 |
| Дали би живееле со партнер кој не сака или не верува во брак? | 32 | 27 | 39 | 32 | 88 | 73 | 82 | 68 | $X^2$ (1, N=241)=0.89 *p* = 0,34 |
| Прифатливо е жената да роди дете надвор од партнерска заедница | 56 | 47 | 70 | 58 | 64 | 53 | 51 | 42 | $X^2$ (1, N=241)=3,02 *p* = 0,08 |
| Пар без деца може да функционира како среќно семејство? | 80 | 67 | 94 | 78 | 40 | 33 | 27 | 22 | $X^2$ (1, N=241)=3.64 *p* = 0,05* |
| Дали ги одобрувате истополовите заедници? | 48 | 40 | 74 | 61 | 72 | 60 | 47 | 39 | $X^2$ (1, N=241)=10,78 *p* = 0,00** |
| Истополовите заедници треба да се легализираат | 43 | 36 | 64 | 53 | 77 | 65 | 57 | 47 | $X^2$ (1, N=241)=7,10 *p* = 0,00** |
| Истополовите заедници треба да посвојуваат деца | 31 | 26 | 42 | 35 | 89 | 74 | 79 | 65 | $X^2$ (1, N=241)=2,24 *p* = 0,01** |

Испитаниците кои сметаат дека е прифатливо да живеат во вонбрачна заедница, во 29 % би го направиле тоа во услови на свршувачка, а во 24 % како пробен брак. Сепак по ова прашање доминираат личните, индивидуални ставови на испитаниците кои во 31 % се изјасниле како – друго (графикон бр. 22).




**Графикон 22:** Под кои услови младите лица би прифатиле да живеат во вонбрачна заедница (вредностите се во %)

## 4.6 Ставовите на младите лица во однос на родителството

Испитаниците во примерокот најчесто потекнуваат од семејства со две деца, односно имаат по еден брат/сестра, а потоа во однос на процентуалната застапеност следуваат семејствата со три деца. Многу слична е структурата на примерокот и во 2014 (графикон бр. 23).




**Графикон 23:** Приказ на бројот на браќа/сестри што го имаат испитаниците

Следствено на тоа што најголем дел од испитаниците припаѓаат на семејства со две деца, се пресликува нивната желба да основаат семејство со ист/сличен број на деца. Оттука 52 % од испитаниците би сакале да имаат две деца, а 26 % се одлучиле за три деца. Слична е процентуалната анализа и во 2014 година (графикон бр. 24).




**Графикон 24:** Приказ на бројот на деца што би сакале да го имаат испитаниците: (вредностите се во %)

Поделени се ставовите во однос на идеалното време за станување родител. 51 % од испитаниците идеално време сметаат дека е периодот од 22 до 28 години, додека 41 % сметаат дека тоа е периодот од 28 до 32 години. Истражувањето во 2014 година покажува дека поголемиот дел од испитаниците (48 %) како идеален период го истакнале периодот од 28 до 32 години (графикон бр. 25).




**Графикон 25:** Приказ на ставовите на младите во однос на идеалниот период за станување родител: (вредностите се во %)

Поделени се перцепциите и во однос на тоа како децата ќе влијаат врз партнерските односи. Поголемиот процент на испитаници сметаат дека врската би била подобра по раѓањето на децата, но висок е процентот на испитаници што сметаат дека децата/родителството влијае негативно врз партнерските односи (графикон бр. 26).




**Графикон 26:** Приказ на перцепциите за влијанието на родителството врз партнерската врска (вредностите се во %)

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Ова истражување имаше за цел да даде една поширока слика за размислувањата на младите луѓе за бракот, разводот и семејството. За подобро разбирање на проблематиката најпрво беа дефинирани основните дескриптори и беше дадена кратка анализа за развојот и движењата на бракот, разводот, наталитетот и фертилитетот. Потоа, беше анализирана актуелната состојба поврзана со овие индикатори, при што, како параметар беа земени статистичките показатели. Исто така, беше претставена споредбена слика на актуелните бројки во Република Северна Македонија и Европската Унија, односно просекот од статистиките на земјите членки во Европската Унија. Едновремено беа споредувани податоците за Република Северна Македонија од почетокот на деведесеттите години, односно од осамостојувањето на Македонија, и најновите статистики од 2020 до 2021 година. Заклучните согледувања од овој дел на истражувањето покажуваат негативни тенденции и движења на индикаторите поврзани со семејството. Се намалува бројот на склучени бракови и бракот повеќе не е неопходен за остварување на репродуктивната и економската функција. Младите луѓе имаат тенденција подоцна да стапуваат во брак или бракот да го заменат за вонбрачна заедница. Вонбрачната заедница е општествено, правно и морално сè повеќе прифатена. Бројот на разводи се зголемува, скратена е и олеснета процедурата за разведување на бракот. Наталитетот и фертилноста на жените во Европа е во континуирано опаѓање во текот на изминатите децении, а репродукцијата не претставува приоритет на жените. Жените се повеќе посветени на образованието и кариерата, следствено раѓањето се одложува за подоцнежни години. Многу европски земји се соочени со најнизок наталитет под 1,51 дете по жена и негативен природен прираст. Ваквите тенденции се воочуваат и во нашата земја. Иако со побавно темпо, може да се очекуваат понатамошни надолни движења во однос на бракот, наталитетот и фертилитетот, а зголемувања на бројот на разводи, вонбрачни заедници и вонбрачни деца.

Првичната анализа претставува реална слика за состојбата која произлегува од расположливите дефиниции и статистички показатели.

Мал е бројот на истражувања кои нуди нови сознанија и податоци врз основа на кои можат да се прават проекции за идните текови. Особено е мал бројот на истражувања кои ги опфаќаат младите луѓе. За нас како истражувачи клучно беше да ги испитаме размислувањата на младите, затоа што, како што наведовме и во воведот тие се креатори на идните трендови и се популација која во иднина треба да формира семејство, да склучува брак и да има потомство. Истражувањето најпрво го спроведовме во 2014-тата година, потоа го повторивме во 2022-ра година. Сметавме дека периодот од 7 години, во услови на глобализација, брз технолошки развој и интензивно влијание на социјалните медиуми е доволно долг период да се забележат промени во размислувањата на младите за бракот, разводот и семејниот живот. Како слабости на истражувањето можат да се издвојат структурата на прашалникот, односно полот на испитаниците, кој е доминантно женски, па добиваме слика која може да се оцени како генерално размислување на младите жени во Република Северна Македонија. Понатаму, местото на живеење на испитаниците, најголем дел потекнуваат од урбани средини, па сликата од нивните перцепции може да се оцени како генерално размислување на младите кои живеат во урбани средини. И, најголем дел од испитаниците се од христијанска вероисповед, што ја намалува можноста да се добие слика за размислувањата на младите припадници на другите религиски групи во нашата земја.

Како предности на истражувањето можат да се наведат опширниот прашалник кој не ги опфаќа само бракот и разводот, туку и ставовите за родителството, сексуалноста, семејството на потекло итн. Компаративниот пристап при истражувањето, можноста да се споредуваат одговорите на идентично зададен прашалник исто така е предност. Истото се однесува и на возраста на испитаниците. Најголемиот дел од испитаниците се на возраст од 18 до 22 години, тоа е возраст на која се очекува да имаме оформени ставови за разни животни прашања и возраст на која се размислува за формирање семејство. Најголем дел од испитаниците се студенти на студиските програми на Филозофскиот факултет, што значи дека стручно ги познаваат истражуваните категории и имале можност

подлабински да размислуваат за истите. Сето ова дава поголемо значење и релевантност на резултатите. И, иако бројот на испитаници не е доволно репрезентативен, сметаме дека сознанијата до коишто дојдовме можат да поттикнат нови, подлабински истражувања и да дадат насоки во креирање на нови популациони и семејно-ориентирани политики.

Во однос на првата зададена цел, да се испитаат перцепциите на младите лица за сопственото семејство, или за семејството на потекло резултатите покажуваат промени во однос на структурата на семејствата. И во двете истражувачки години, доминантен е бројот на испитаници кои потекнуваат од нуклеарни семејства. Меѓутоа, зголемениот број на испитаници коишто живеат само со нивните родители и со еден родител, покажува тенденција на стеснување односно редукција на членовите на семејствата и напуштање на прошireното семејство како традиционален модел на семејство на овие простори.

Дополнително, внатрешните односи во семејствата се влошени, а тоа го покажува зголемениот број одговори со кои испитаниците го оценуваат своето семејство како конфликтно. Значително е намален бројот на млади кои во 2022 година го оцениле семејството како хармонично. Актуелното истражување, покажува дека има млади луѓе кои не се блиски со ниту еден член од семејството, што, исто така може да се толкува како ладен и индиферентен однос на членовите на семејството. Конфликтите во семејството, недостатокот на комуникација, топлина и блискост можат да доведат до развод, семејно насилство, зависности и проблеми во детскиот развој. Во оваа насока сметаме дека е потребно подетално да се утврди од каде произлегува незадоволството на младите од семејниот живот.

Значајни промени се забележуваат во однос на втората истражувачка цел, перцепциите на младите лица во однос на сексуалноста. Младите денес се сексуално поактивни и порано започнуваат со сексуални односи, со оглед на тоа што дупло се намалил бројот на испитаници кои немале ниту еден сексуален партнер, а зголемен е бројот на испитаници кои имале до пет партнери. Веројатно ова оди во насока на истражувањето на Топузовска et al. од 2019-та, па сексуалната апстиненција

претставува застарен концепт и непотребен психолошки товар за младите. Во изминатите 7 години образование за сексуално и репродуктивно здравје не е воведено во основните и средните училишта, па може да се претпостави дека зголемената сексуалност од една страна и ниското ниво на користење контрацепција ќе доведе до пораст на сексуално преносливите болести и несакани бремености. Се забележува и поголема слобода и експериментирање со сексуалноста и расте бројот на бисексуалци и хомосексуалци. Исто така, се забележува поголемо прифаќање и одобрување на хомосексуалните заедници.

Бракот и понатаму претставува значајна цел за младите луѓе како што покажаа и претходните истражувања, каде што бракот беше оценет високо на скалилото на вредности. Меѓутоа, на бракот не се гледа како главен предуслов за среќа и задоволство. Присутна е романтичната замисла за бракот и брачниот живот и љубовта и понатаму е основна причина за склучување брак и е најважна за одржување среќен брак. Одговорноста во бракот се оценува како најмалку важна. Младите луѓе во Северна Македонија немаат никаква подготовка пред склучување брак, па се поставува дилемата колку се реални нивните очекувања од брачниот живот. Се забележува поизразена индивидуалност на младите луѓе кои бракот не го сметаат како задолжителен, не се подготвени да прават компромиси во однос на кариерата и животот во заедница или да го губат својот идентитет во бракот. Се забележува надминување на традиционалните перцепции дека бракот е засекогаш и полесно прифаќање на вонбрачната заедница и разводот, како и на партнери кои веќе биле во друг брак или имаат деца од истиот. Како во однос на истражувањето од 2017-тата година, така и од другите наведени истражувања во 2019-та и 2021-ва година се наметнува заклучокот дека бракот како институција опстанува, но се намалува неговата цврстина и значење.

Вонбрачната заедница е прифатена од младите луѓе и слично како и во останатите истражувања од 2017-тата, 2019-тата и 2020-тата година, младите ја преферираат како предбрачна заедница или „пробен“ брак. Мислењата на младите дека во нашето општество е морално неприфатена и дека нивните родители не би се согласиле тие да живеат во

вонбрачна заедница покажува дека сè уште се присутни предрасуди кога станува збор за вонбрачната заедница како алтернатива на бракот.

Една од целите на истражувањето беше и да се испитаат перцепциите на младите лица во однос на родителството. Младите луѓе себеси се гледаат како родители, но не мислат дека децата се предуслов за среќен брак. Напротив, веруваат дека брачниот живот е подобар пред да се има деца. Поголема е подготвеноста на испитаниците од 2022 година да имаат дете надвор од бракот и на порана возраст. Посакуваниот број деца е две што можеби е рефлексија на примарното семејство или пак на општоприфатениот идеал на нуклеусно семејство. Идеалното семејно планирање предвидува планирање на бракот или на заедничкото живеење, бројот и растојанието на децата и кога ќе се случат првото и последното раѓање. Од тие причини најдобро е партнерите отворено да разговараат за сексуалноста, контрацепцијата и за останатите фактори кои влијаат на одлуката за имање деца. Едукација за планирање на семејството и подготовка за родителство нема во нашето општество и тоа може да влијае на иднината на младите луѓе. Истражувањето покажа дека најголем дел од испитаниците сите знаења и информации за семејниот живот ги добиваат исклучиво од нивните родители, што покажува дека недостасува семејна едукација надвор од домот, во училиштата и факултетите. Предбрачната едукација и советување како и подготовката за родителство може да придонесе кон подобрување на квалитетот на брачните односи и родителските перформанси и младите луѓе да научат многу повеќе надвор од пресликувањето на семејните обрасци кои ги опкружуваат.

Генерално, може да се заклучи дека во последните години одредени ставови значително се промениле, други делумно, а некои останале исти. Истражувачкиот период од 7 години можеби не е доволен значајно да се почувствуваат разлики и отстапувања во ставовите на младите луѓе. Меѓутоа, сепак се забележуваат движења во насока на напуштање на традицијата, либерализација на перцепциите и осовременување на семејството. Предизвиците кои ги носат ваквите промени се големи. Препораките за нивно справување се следниве:

- Промовирање на семејството како најважна општествена заедница (медиумски кампањи, јавни дебати, национални проекти);
- Воведување на семејната едукација како дел од формалното образование (во сите фази од образовниот процес, курикулуми прилагодени на возраста на учениците);
- Задолжителна предбрачна подготовка (потребен сертификат пред склучување брак), во матична служба;
- Задолжителна подготовка за родителство (потребен сертификат за пријавување на детето во матична книга на родени);
- Бесплатно брачно советување во првата година од брачниот живот (заживување на брачните и на предбрачните советувалишта во РСМ);
- Формирање на посебна институција која ќе се занимава со семејните прашања надвор од Министерството за труд и социјална политика (Министерство за семејство, Семеен сојуз или слично);
- Промовирање на родовата еднаквост (рекламни кампањи, едукативни содржини, следење и евалуација на правната регулатива поврзана со родовата еднаквост);
- Мапирање и следење на семејства во ризик (социјално загрозени, самохрани родители, зависници, семејства со деца со пречки во развојот итн.);
- Воведување на инструменти за семејно-работна рамнотежа (споделено породилно отсуство, флексибилни работни аранжмани, поголем опфат на децата во предучилишни установи итн.);
- Нова национална стратегија за демографска и популациона политика која ќе ги таргетира младите луѓе;
- Вклучување на профилот семејнолог (семеен едукатор) во македонското општество паралелно со останатите стручни кадри кои се занимаваат со оваа проблематика.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Abela, A., Walker, J., (eds), (2014). Contemporary Issues in Family Studies: Global Perspectives on partnerships, parenting and support in a changing word. Wiley Blackwell, Chichester, England.

2. Abot, Elizabeth. (2014). Istorija braka. Beograd, Geopoetika izdavaštvo.

3. Авировиќ, И. (2017). Дали предбрачните заедници го подобруваат бракот? Поглед кон семејната динамика во Македонија. Четврта меѓународна научна конференција „Social Change in the Global World", pp. 1099-1113. Штип: Универзитет „Гоце Делчев".

4. Avirovic, I., Radulovic, M. (2016). *Is De Facto Partnership a Threat to Marriage? A Case Study from Macedonia,* European Journal for Social Sciences Education and Research (EJSER)**,** January-April 2016, Volume 6, Nr. 2.

5. Авировиќ-Бундалевска, И. (2021). Структурни промени на семејството: перцепции за нови модели на семејни заедници во Република Северна Македонија. Годишен зборник, книга 74. Скопје: Филозофски факултет. стр. 461 - 472.

6. Авировиќ-Бундалевска, И. (2021). Интеркултурни бракови: состојба и трендови во Република Северна Македонија. Годишен зборник, книга 74, Скопје: Филозофски факултет. стр. 683 - 708.

7. Avirovic-Bundalevska Irena, (2020). *New Marriage Dynamics in the Republic of North Macedonia*. International Conference on the Occasion of the Centennial Anniversary of the Faculty of Philosophy in Skopje, Science and Society: Contribution on Humanities and Social Sciences. Skopje: Faculty of Philosophy.

8. Демографските политики и родовата еднаквост во Република Македонија: Мерките за унапредување на еднаквоста помеѓу жените и мажите како мерки за зголемување на наталитетот (2012). Скопје: Фондација отворено општество. Достапно на: https://civicamobili-

tas.mk/wp-content/uploads/2018/03/Predlog-merki-MTSP-8-11-12.pdf (1.9.2022).

9. Eurostat statistics explained (2019). Marriage and divorce statistics. Достапно на https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Marriage_and_divorce_statistics (23.9.2022)

10. Hill, Shirley. A (2012). The evolution of families and marriages. In Contemporary Family Perspectives: Families: A social class perspective. (pp. 1-29). Thousend Oaks, CA: SAGE Publiations, Inc.

11. James J. Ponzetti, Jr (ed.). (2003). International Encyclopedia of Marriage and Family. Second edition, Volume 1: Ab-Du. New York: Macmillan Reference USA.

12. James J. Ponzetti, Jr (ed.). (2003). International Encyclopedia of Marriage and Family. Second edition, Volume 2: Ea-Ju. New York: Macmillan Reference USA.

13. James J. Ponzetti, Jr (ed.). (2003). International Encyclopedia of Marriage and Family. Second edition, Volume 3: Ke-Se. New York: Macmillan Reference USA.

14. James J. Ponzetti, Jr (ed.). (2003). International Encyclopedia of Marriage and Family. Second edition, Volume 4: Sh-Za. New York: Macmillan Reference USA.

15. Киткањ, З., Фрицханд, А. (2017). Дисфункционалност на семејството и разводот: Ефекти врз развојот на децата и адолесцентите. Зборник на трудови од 3-rd International Scientific Conference „Effective Protection of the Human Rights and Liberties: Reality or Ideal“, том 6, 275 - 287.

16. Закон за семејство член 228, Службен весник на РМ број 153/2014 година.

17. Ljakoska, M. (2021). Attitudes towards Marriage and the Desired Number of Children in North Macedonia. Conference: 7th International Sci-

entific Conference GEOBALCANICA 2021, Ohrid, North Macedonia. Достапно на: file:///C:/Users/hp/Downloads/AttitudesTowardsMarriageAndTheDesiredNumberOfChildrenInNorthMacedonia%20(1).pdf (25.8.2022)

18. Мицковиќ, Д. (2008). Семејството во Европа XVI - XXI век, Скопје: Културна установа Блесок.
19. Nazio, T. (2008). Cohabitation, Family & Society. New York: Routledge.
20. Oinonen, E. (2008). Families in Converging Europe, a Comparison of Forms, Structures and Ideals. Palgrave Macmillan.
21. Радуловиќ, М. (2014). Традицијата во европските и македонските семејства. Скопје: Култура.
22. RADULOVIĆ, M. (2020). CONTEMPORARY FAMILIES IN NORTH MACEDONIA: TRANSFORMATIONS AND NEW REALITIES, 757, SCIENCE AND SOCIETY CONTRIBUTION OF HUMANITIES AND SOCIAL SCIENCES Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy (2-5 September, Struga 2020), Faculty of philosophy, https://eprints.ugd.edu.mk/28810/1/FZF100.pdf
23. Radulovic, M., Avirovic, I. (2018). “The Need for Marital Education in Macedonia”, International Journal for Education, Research and Training (IJERT), Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Philosophy-Department of Pedagogy, Vol. 4, Issue 1, June 2018, ISSN 1857-9841 (Printed), ISSN 1867-985X (Online), UDK: 37.017:316.362.3-058.8 (497.7).
24. Radulovic, M. (2017). The Family in the Transition Process in the Republic of Macedonia, The Sociological Review/Социолошка ревија, Списание на здружението на социолози на Република Македонија и на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет, No 1/2017 Volume XVIII, ISSN 1409-5513 (print), ISSN 1857-9957 (online), UDK 316.356.2:316.42 (497.7).

25. Radulovic, M., Misevska, S. (2020). Карактеристики на семејните модели во урбани и рурални средини/"Characteristics of the Family Models in Urban and Rural Areas", Conference Proceedings, 7th International Scientific Conference „Social Changes in the Global World", September, 3 – 4, 2020. Stip. ISBN 978-608-244-778-0.

26. Radulovic, M. (2015). The Impact of Globalization on the Macedonian Family, Second International Scientific Conference: SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD – Proceedings, Goce Delcev, University in Shtip, Republic of MacedoniaI, Shtip 2015, SBN 978-608-244-267-9, COBISS.MK-ID 100106506.

27. Основен закон за бракот. (1965). Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, број 28, година XXI. Белград. Достапно на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/1C94A5FD8E2C-4CDAA2B5359FB3A627A8.pdf (29.8.2022).

28. Петроска, Б. (1987). Нормите за големината на семејството и ставовите на македонското население во врска со репродуктивната функција на семејството. Годишен зборник на Филозофскиот факултет 40, 233 – 265.

29. Соопштение од обласа: Население. **Склучени и разведени бракови во Република Северна Македонија во 2021 година. (2022)**. Скопје: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. Достапно на: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=11 (24.8.2022).

30. Топузовска-Латковиќ М. et al. (2019). Студија за млади на Северна Македонија, 2018/2019. Скопје: Фондација Фридрих Еберт Скопје.

31. Coontz Stepanie (2005). *Marriage, a History, How Love Conquered Marriage*. London: Penguin Books.

**32. Соопштение од обласа: Население. Наталитетот во Република Северна Македонија во 2021 година (2022).** Скопје: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. Достапно

на: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=8&rbr=14006 (1.9.2022).

33. Todorova, B., Radulovikj, M. (2020). WORK-LIFE BALANCE: CHALLENGES OF GENDER EQUALITY IN THE LABOR MARKET IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA VS EUROPEAN UNION, **EU and comparative law issues and challenges series**, Vol.4 **ISSN (Online)** 2459-9425 Faculty of Law Osijek DOI: https://doi.org/10.25234/eclic/11926